**ФИЛОЗОФИЈА**, 12, бр. 34, стр. 37-44, јуни 2013

# Античките корени на Хјумовиот скептицизам

**Јасмина Наумоска**

**УДК: 165.72:1(38)**

Кога еден историчар на филозофијата ќе си земе за задача да направи историско-филозофска компарација на два автори од сосем различен историски период, таквата негова задача има голем ризик да изгледа вештачка, исфорсирана и несоодветна. Праксата на вакви исфорсирани релации помеѓу две филозофски идеи во современите академски кругови е речиси традиција. Се бараат претходници, индиректни влијанија, оригиналност во идеите, кои се заслугите кои им се припишуваат на авторите итн. Но не би можело апсолутно да се тврди дека не постојат оправдани причини за некои вакви историско-филозофски компаративни анализи, зашто на тој начин историјата на филозофијата би си ја потсекла гранката на која седи. Ги сметаме како оправдани оние историско-филозофски ретроспективи каде што навистина постојат индикации дека ваквото поврзување може да се направи, а особено кога овие компарации можат во голема мера да помогнат и да влијаат врз толкувањето на овие филозофски позиции.

Кога станува збор за врската меѓу Дејвид Хјум (David Hume) и античкиот скептицизам без никакви сомнежи можеме да сметаме дека ваква паралела може да биде направена од причина што и самиот Хјум ја прави. Постојат неколку места во делата на Хјум во кои тој експлицитно се навраќа на античкиот скептицизам. Тука се петтата и дванаесеттата глава на „Испитување на човековото познание“,[1] четвртиот дел на „Оглед за човековата природа“,[2] есејот „За скептикот“,[3] но и многу навраќања на скептичката филозофија испреплетени во неговите докажувања. На некои места тој ревносно ја брани оваа концепција, а на некои остро ѝ се спротиставува. Во едно писмо упатено до Клафејн (John Clephane) од 20 април 1756 год., Хјум ја приложува поемата на Томас Блеклок (Thomas Blacklock): „Мудриот во секоја

[1] Дејвид Хјум, *Испитување на човечкото познание*, Скопје: Слово, 1999, 43-57, 141-157.
[2] David Hume, *A Treatise of Human Nature*, Oxford: Clarendon Press, 1960, 180-275.
[3] David Hume, *Selected Essays, “On Sceptic”*, Oxford: Oxford University Press, 1998, 95-113.

доба ќе заклучи дека / Она што Пирон го подучуваше, а Хјум го обнови / дека догматиците се будали“,[4] која укажува дека Хјум го прифаќа фактот дека тој е нововековниот обновувач на скептицизмот. И несомнено, овие наведувања ни оставаат место да зборуваме за релацијата помеѓу овие два филозофски концепта.

Во рамките на истражувањата на историјата на филозофијата од понов датум, особено во англо-американската академска заедница, интересирањето за улогата на скептицизмот кај Хјум, но и за античкиот скептицизам, доаѓа истовремено. Околу осумдесеттите години на XX век, со интензивирањето на препрочитувањето на хеленистичката филозофија, компарацијата помеѓу античкиот и нововековниот скептицизам, нужно следува. Прашањето кое се поставува е: дали Хјум во своите методи на докажување презема суштински елементи од античкиот скептицизам?

Вообичаено на Хјумовиот скептицизам се гледа како на независна реакција од филозофските идеи на Декарт (René Descartes), Беркли (George Berkeley) и Лок (John Locke), иако во неговите текстови можат да се насетат влијанија од ренесансниот и нововековниот скептицизам. Меѓутоа, доколку се погледне внимателно, компарацијата помеѓу античкиот скептицизам и Хјумовата филозофија е онаа која е суштествена доколку сакаме да ја анализираме природата на Хјумовиот скептицизам. Со сигурност може да се констатира дека фрапантни се сличностите во аргументирањето на некои места во текстовите на скептиците и во текстовите на Хјум. Според основните филозофски основи на медицинската школа на која припаѓал Секст Емпирик, римскиот скептик кој сакал да го обнови радикалниот Пиронов скептицизам, се сретнуваат речиси идентични елаборации на причинско-последичната врска како онаа на Хјум, под светлина на теоријата за еден вид антирационализам во медицината. Според претходното искуство, еден лекар запомнил дека еден симптом е олеснет од некој лек. Лекарот, смета тој, не заклучува дека лекот прави да исчезне симптомот, или пак, уште повеќе, дека болеста е причинител за дадениот симптом. Според овие, но и според многу други индикации, одредени историчари на филозофијата си го даваат правото да го сметаат Хјум за скептик во најрадикалната смисла, имено за пиронист par excellence.[5]

Во последните децении на XX век е интензивирана дебатата за улогата на скептицизмот во филозофијата на Хјум, а со тоа и за улогата на античкиот скептицизам, особено преку делата на Чарлс Шмид (Charles B. Schmitt) и Ричард Попкин. Секако постојат и историчари на филозофијата кои тврдат дека Хјум воопшто не е скептик, како на пример, Николас Капалди во своето дело „Дејвид Хјум: Њутновски

[4] J.Y.T. Greig, David Hume, *The Letters of David Hume*, Oxford: Clarendon Press, 1932, 231.
[5] Ваква позиција држат авторите Роберт Фогелин (Robert J. Fogelin), Џон Пасмор (John Passmore) и Ричард Попкин (Richard H. Popkin), кој тврди дека Хјум развил свој сопствен вид на пиронизам.

филозоф".[6] Според Попкин, едно од најголемите достигнувања во филозофијата на Хјум лежи во неговото решавање на Пироновата контроверза, имено дали филозофијата е проколната на несигурност или сепак постои основа за човечкото познание?[7] Сепак, може да се каже дека во анализите на толкувањата на Хјумовата филозофија не е многу дискутирано за природата на Хјумовиот скептицизам, туку најчесто постојат само констатации за него. И навистина, надолго и нашироко се анализираат, на пример, Августиновиот скептицизам, а да не зборуваме за природата на Декартовиот. Она за што сметаме дека е важно да се зборува за природата на Хјумовиот скептицизам е тоа што оваа дискусија отвора фундаментални и контроверзни прашања во врска со интерпретацијата на целата негова филозофија. Главната расправа се води околу релацијата меѓу неговиот скептицизам и, како што некои негови текстови тоа го сугерираат, неговиот натурализам. Тој тврди, од една страна, дека не постои начин да се оправда релевантноста на сетилата, причинско-последичната врска, разумските операции, но, од друга, тврди и дека секојдневниот живот и човечката природа не ни даваат право да ги отфрлиме овие операции во потполност. Постојат тврдења кои велат дека Хјум воопшто не застанува зад скептичката позиција, туку напротив дека Хјум е повеќе натуралист, одошто скептик.

Несомнен е впечатокот дека Хјум на одредени места во неговите текстови е воодушевен од духовната и теориска свежина на античкиот скептицизам. Хјум смета дека скептичката филозофија е ослободена од природната индолентност која цело време бара разумен изговор себе си да си даде оддишка целосно и неограничено. Тоа го фасцинира Хјум. Тој не сака филозофија која е удобна, која е брзоплета и вообразена, која има високи претензии. Таа филозофија за Хјум е празна и лековерна. Според него, таа е во состојба да ги уништи сите страсти, но не и страста за вистината, која никогаш не може превисоко да се издигне. Хјум тврди дека многу често оваа филозофија е изложена на приговори и клевети поради тоа што се спротивставува на разни пороци, но во суштина е безопасна и недолжна. Таа е „жигосувана" како слободоумна, световна и нерелигиозна.[8] Тој смета дека општиот скептицизам му претходи на секое друго истражување и служи како најдобро средство против заблудите и пребрзото донесување заклучоци. Како пример за ваков метод Хјум го посочува оној кој Декарт го следи во своите испитувања.[9] Според Хјум, секој вид на скептицизам, но истакнува дека кога е поумерен, е неопходна подготовка за филозофските испитувања. На одредени места тој укажува дека пиронизмот е логичен

[6] Nicholas Capaldi, *David Hume: The Newtonian Philosopher*, Boston: Twayne Publishers, 1975.
[7] Richard H. Popkin, "David Hume and the Pyrrhonian Controversy". *The Review of Metaphysics* 6, 1 (1952): 65-81.
[8] Види Дејвид Хјум, *Испитување на човечкото познание*, op. cit., 43-4.
[9] Дејвид Хјум, *Испитување на човечкото познание*, op. cit., 141.

резултат од филозофските истражувања. Како почетна точка во испитувањето на природата на нашето мислење, тој со голем ентузијазам пристапува кон учењата на оваа, како што тој ја нарекува „необична секта“,[10] затоа што смета дека само преку нивните аргументи, вели Хјум, читателот може да стане свесен за вистината на неговите хипотези.

Меѓутоа, од друга страна, Хјум не може да прифати скептицизам кој ја следи науката и кој се обидува во потполност да ги порекне познавателните духовни способности. Анализирајќи ги скептичките поставки, тој заклучува дека тие одат дотаму што ја докажуваат несоодветноста на познавателните моќи за постигнување на било какви цврсти одредници за сите филозофски прашања. Скептиците сакаат да го покажат тоа и за разумот и за сетилата, односно за секое наше апстрактно расудување, но и за расудувањето за фактите и егзистенцијата. На крајот заклучува дека не постои ништо што е поисполнето со скептицизам освен самиот тој скептицизам кој донесува парадоксални заклучоци.[11] Во одредени моменти Хјум станува и ироничен во врска со испитувањата на скептикот, велејќи: „кога [скептикот] ќе се разбуди од сонот, тој ќе биде првиот кој ќе ѝ се придружи на смеата против самиот себе и ќе признае дека сите негови забелешки се чиста разонода...“.[12]

Овие Хјумови забелешки за скептицизмот укажуваат дека тој со голема колебливост истовремено ја афирмира, но и ја одрекува релевантноста на скептичките испитувања. Тоа го потврдува и фактот што на некои места самиот укажува на неговата академска, поумерена наклонетост кон скептицизмот,[13] а на други самиот нарекувајќи се „вистински“ скептик.[14] Ваквата колебливост не само што може да се прочита во Хјумовите размислувања за методот на испитување на филозофските вистини, туку и во сите негови филозофски ставови кои се однесуваат на познанието, моралот, персоналниот идентитет[15] итн...

Она коешто како трн во окото му стои на Хјум и поради кое се определува за умерениот скептицизам е моралниот скептицизам. Тој крикнува запрашувајќи се која е намерата на скептикот и што всушност сака да покаже со тие „чудни истражувања“. Според него, следејќи ги скептичките аргументи, сиот човечки живот би морал да исчезне, би престанал секој разговор и секое делување, а луѓето би се нашле во целосно мртвило. Но, Хјум смирува кога вели дека нема потреба да се плашиме

[10] David Hume, *A Treatise of Human Nature*, op. cit., 183.
[11] Дејвид Хјум, *Испитување на човечкото познание*, op. cit., 149.
[12] Ibid., 151.
[13] Ibid., 152.
[14] David Hume, *A Treatise of Human Nature*, op. cit., 273.
[15] Види: Коле Јовановски, „Хјумовата концептуализација на човековата природа и персоналниот идентитет“, објавен во овој број на списанието „Филозофија“.

од еден таков настан, затоа што *природата е секогаш посилна од овие принципи*.[16] Единствена цел на ова докажување, според Хјум би било само да ја покаже чудната положба на човештвото, кое мора да делува, да размислува и да верува, а притоа никогаш да не може да се задоволи себе си во врска со основите на тие дејности.

И тука Хјум повторно се враќа на почетокот. Од една страна вели дека природата е секогаш посилна и прави да веруваме во моралните принципи, а од друга страна човекот никогаш не може да се задоволи себеси во однос на основата на тие морални принципи. И токму тука се увидува противречноста која се јавува кај Хјум, односно противречноста која постои меѓу неговиот принципиелен скептицизам и натурализмот. Всушност, може да се увиди дека кај Хјум се јавуваат сите оние „детски болести“ кои ги прележува секој скептицизам, вклучително и античкиот. И кај Секст Емпирик, кој се смета дека е оној кој го возобновува стариот пиронизам, изненадува постоењето на одредено, како што го нарекува тој, „водство на природата“[17] кое не му дозволува на скептикот постојано да биде неактивен.

Сепак, земајќи ја во целост Хјумовата филозофија може да се увиди дека неговиот скептицизам ниту ја отфрла можноста за доаѓање до некакво познание, ниту пак, афирмира некаков вид на онтолошки пробабилизам, имено метафизичка заснованост на веројатностите. Хјум не покажува дека разумот не може да ја достигне вистината, туку дека тој е немоќен да зборува за неа на начинот на кој досега го правел тоа, имено преку навиката. Кај Хјум не постои критериум на вистината според кој би можело да се дојде до вистинската причина на последицата. Ако внимателно го набљудуваме античкиот скептицизам ќе видиме дека и тој во потполност не го одрекува знаењето, но не го квалификува како несомнително знаење, туку како знаење на веројатностите. Во оваа точка на Хјумовата филозофија можеме да ја увидиме Пироновата концепција. Меѓутоа, Хјум постојано истакнува дека се согласува на поумерен скептицизам, кој го нарекува академски скептицизам и кој може да биде траен и корисен. Тоа е степен на сомнение, вели тој, внимателност и скромност што секогаш при секое испитување и одлучување мора да го следи оној кој правилно расудува.

Кај Хјум сите разумски операции се резултат на природни процеси кои немаат свои темелни принципи, туку се само објаснувања. Дополнително на тоа, и овие природни резонирања доаѓаат во конфликт со самите себеси. Нашето каузално заклучување по навика нè води кон донесување на заклучоци кои се истовремено

---

[16] Ibidem.

[17] Sextus Empiricus, *Outlines of Scepticism*, Trans. Julia Annas, Jonathan Barnes, New York: Cambridge University Press, 2000, 1. 237. „Водството на природата“ е еден од четирите т.н. практични критериуми кои ги воведува Секст Емпирик, како стандарди кои ги регулираат нашите животни активности.

побиени од другите видови на природно расудување. Во таа смисла, филозофската анализа може да нè доведе само до пиронистички заклучоци. Според Хјум, разумот става на располагање аргументи против самиот себеси и затоа ние никогаш не можеме да задржиме било каква сигурност во некој став за било кое филозофско прашање. Во оваа смисла, пиронизмот кај Хјум триумфира и е непобедлив. Меѓутоа, со самото тоа што според Хјум *нашата природа нè прави да веруваме*, веднаш се става под знак прашалник пиронизмот. Според Попкин, Хјум ја решава пиронистичката контроверза и воедно Паскаловата дилема – дали пиронизам или рационализам, конзистентност или веродостојност, имајќи ги и двете, едното затскриено, а другото во светот.[18] Имено, смета тој, самата психолошка сила на верувањето, односно природната лимитација на верувањето не ја поништува филозофската сила на аргументите на пиронизмот. Природното верување е сè уште без основа иако присилно делува врз нас.

Од сето ова можат да се извлечат неколку поенти.

Како прво, погледнато историски, фрапантна е релацијата која може да се направи кога станува збор за актуелизацијата на прашањата за познанието и ревитализацијата на скептицизмот. Или пак може да се постави обратно. Повторното стапување на сцената на скептичкото сомневање ги поставува прашањата за границите и можностите на човековото познание. Оваа тенденција може да се забележи уште во хеленистичкиот период каде од една страна ги имаме пиронистите, а од друга догматиците. Во оваа хеленистичка филозофска дебата се поставуваат прашањата за критериумите, изворите на познанието, но и за неговата релација со секојдневниот живот. Еклатантен пример во средновековието претставува Августин. Во новиот век, пак, се смета дека филозофијата е инфицирана од болеста наречена „скептицизам". Тргнувајќи од Монтењ (Michel de Montaigne), Бејл (Pierre Bayle), Шарон (Pierre Charron), а потоа со Декарт, Хјум и Кант (Immanuel Kant), афирмирањето значи исто колку и сомневањето. Кај Хјум, оваа тенденција го достигнува својот врв. Хјумовиот скептицизам се перципира како шокантен момент во нововековната филозофија имајќи го предвид карактерот и уникатноста на консеквентно изведениот скептицизам, но и имајќи го умерениот скептицизам кој се обновува преку Бејл, Монтењ, Малбранш (Nicolas Malebranche), Арно (Antoine Arnauld).

Второ, во Хјумовото теориско колебање како во микро текст се отсликува макро проблемот на скептицизмот. И не само проблемски, туку и историски. Истиот историски тек на модифицирањето на скептицизмот во антиката се повторува во елаборацијата која ја наоѓаме кај Хјум. Прашањето до која радикалност може скептикот да го живее својот скептицизам го збунува и Аркесилај и Карнеад, но и

[18] Richard H. Popkin, "David Hume and the Pyrrhonian Controversy", op. cit., 81.

Хјум. И самиот тој вели дека најголемиот противник на пиронизмот е делувањето, зафатеноста и секојдневните должности. Тоа го доведува филозофот до прашањето: како својот скептицизам ќе го изнесе во светот? Поради тоа, Аркесилај го внесува „разумното одмерување" (εὔλογον), а Хјум го фундира природното тежнеење на човекот да создава мненија преку навиката. На тој начин човекот е безбеден од практичното мртвило.

И трето, пиронизам или натурализам? За да можеме да одговориме на ова прашање треба да утврдиме кои аподиктични судови ги читаме кај Хјум.

Прво, на ниедна појава за која претпоставуваме дека е последица не може да и се најде нејзината причина; второ, човечката природа која нѐ тера да веруваме е секогаш посилна од скептичките аргументи; и трето, на ниедно од овие природни верувања, биле аргументативни, фактички или морални, не може да им се најде принципиелна основа. Според ова, доколку сакаме докрај да го изведеме скептицизмот кај Хјум, тој секако ќе падне на тестот. Самата афирмација на било каква природна диспозиција ќе придонесе теориските оценки да натежнат кон натурализмот. Меѓутоа, само доколку тоа е психолошката бариера, тогаш пиронизмот принципиелно не е загрозен. Природата сама по себе не го побива пиронизмот, само прави тој да биде надвор од опсегот на верувањето и навиката. Затоа, сметаме дека во специфичниот случај со Хјум, скептицизмот и натурализмот одат заедно.

## Користена литература

1. Capaldi, Nicholas. *David Hume: The Newtonian Philosopher*. Boston: Twayne Publishers, 1975.
2. Greig, J.Y.T., David Hume. *The Letters of David Hume*. Oxford: Clarendon Press,1932.
3. Хјум, Дејвид. *Испитување на човечкото познание*. Скопје: Слово, 1999.
4. Hume, David. *A Treatise of Human Nature*. Oxford: Clarendon Press, 1960.
5. -----. *Selected Essays*. "On Sceptic". Oxford: Oxford University Press, 1998.
6. Miller, Jon, Brad Inwood. *Hellenistic and Early Modern Philosophy*. Cambridge: Cambridge University Press, 2003.
7. Popkin, Richard H. "David Hume and the Pyrrhonian Controversy". *The Review of Metaphysics* 6, 1 (1952) : 65-81.
8. ------. "David Hume: His Pyrrhonism and His Critique of Pyrrhonism". *The Philosophical Quarterly* 1, 5 (1951): 385-407.
9. Sextus Empiricus. *Outlines of Scepticism*. Trans. Julia Annas, Jonathan Barnes, New York: Cambridge University Press, 2000.

Jasmina Naumoska

## ANCIENT ROOTS OF HUME'S SCEPTICISM
(Summary)

Does Hume take essential elements from ancient scepticism in his method of inquiry? - is the main question that is treated in this article. The discussion on this problem not only opens methodological issues, but also questions Hume's fundamental philosophical concepts, mainly concentrating on the dualism between scepticism and naturalism. Hume's hesitation between pyrrhonist and academic scepticism doesn't make the investigation easier. As a thorn on Hume's side is the moral scepticism that brings him on naturalist ground. However, taking into consideration his supposition that all rational operations are processes that don't have fundamental principles, lead us only to pyrrhonistic conclusions. If we test Hume's pyrrhonism on the grounds of accepting natural dispositions, it will certainly fail, but if we accept that these dispositions are psychological barriers, then pyrrhonism is safe. The nature itself doesn't refute pyrrhonism; it only makes it beyond our beliefs. In that context, naturalism and scepticism in Hume's case can come along.